Народна банка
на Република Македонија

EFSE
EUROPEAN FUND FOR SOUTHEAST EUROPE
DEVELOPMENT FACILITY




# Патување ВО СВЕТОТ НА ПАРИТЕ

EFSE
EUROPEAN FUND FOR SOUTHEAST EUROPE
DEVELOPMENT FACILITY

Народна банка
на Република Македонија

## Импресум

Објавено од Проектот за развој на ЕФСЕ (ЕФСЕ ДФ)

Концепт, поставеност и литографија: ЕФСЕ ДФ

Финансирано од страна на Народната банка на Република Македонија (НБРМ) и Проектот за развој на ЕФСЕ

© 2016 Проект за развој на ЕФСЕ

## Оградување

Проектот за развој на ЕФСЕ ДФ внимателно ги проверува информациите содржани во оваа публикација. Сепак, Проектот за развој на ЕФСЕ ДФ не презема никаква одговорност или гаранција за навременоста, точноста и комплетноста на информациите дадени во овој документ.

# ДРАГ ЧИТАТЕЛУ!

Би сакале да ве поканиме на едно прекрасно „патување“ во светот на парите! Сигурни сме дека ќе доживеете едно интересно и волшебно искуство.



## НА ОВА ИМАГИНАРНО ПАТУВАЊЕ ЌЕ ДОЗНАЕТЕ:

- што се парите, нивната улога и мисија;
- историја на парите, од нивното потекло до сегашноста;
- факти за парите;
- повеќе информации за националната валута на Република Македонија;
- како да препознаете вистинска и лажна банкнота.

Дали сте подготвени да го започнете вашето патување? Кога ќе стигнеме на крајната точка, ќе ги откриете сите тајни поврзани со парите!
Па, да започнеме...

# ШТО СЕ ПАРИТЕ?

Од најраните времиња парите се препознаени како стока употребувана како средство за размена или плаќање на сите видови стоки и услуги.

Постои дефиниција за парите што вели дека поимот „**пари**" е генеричко име на сите книжни и ковани пари.



## ГОЛЕМА АВАНТУРА Е ДА СЕ ПАТУВА НИЗ ВРЕМЕТО

За да дознаеме каде започнува приказната за парите, треба да се вратиме назад во времето на каменото доба...

# СТАНИЦА - КАМЕНО ВРЕМЕ

Во тоа време луѓето живееле во мали заедници. За да ги извршат своите главни активности, лов и обработка на почвата, луѓето употребувале алатки направени од камен, давајќи го името на овој период – „камено време“ или „камено доба“. Некои биле земјоделци, некои занаетчии. За да преживеат, сите извршувале по неколку активности, произведувајќи сè што е неопходно за живот. По некое време, луѓето сфатиле дека не се во можност да обезбедат сè и се одлучиле да почнат да разменуваат стоки.

*Луѓето сè уште извршуваат трампа. Што разменувате вие со вашите пријатели?*

Во каменото време сè уште не биле откриени металите. Луѓето не користеле банкноти и ковани пари за размена како што користиме ние во денешно време. На пример, ловџија и земјоделец меѓусебно си разменувале кожа и жито, или рибар и ловџија си разменувале декоративни школки и камена секира. Оваа размена на стоки се нарекува **трампа**.

Кога нашите предци научиле да ги обработуваат металите, размената на стоки станала полесна. Златото, среброто, калајот и железото се сметале за метали од голема вредност. Така, еден земјоделец можел да ја размени својата стока за одредена количина сребро и потоа да го употреби среброто за да ги исплати даноците. Така, вредните метали и некои други предмети станале „мерка за вредност“, „средство за размена“ и „чувар на вредност“.

## ПРВИ МОНЕТИ ВО СВЕТОТ

Првите монети потекнуваат од втората половина на VII век пред н.е., од почвата на денешна Турција, од древното кралство Лидија. Тие биле направени од електрум, т.е. од природна мешавина на злато и сребро.

# СТАНИЦА - ПАЈОНИЈА



Почетокот на монетоковање на територијата на Република Македонија датира од крајот на VI век пред н.е., кога пајонските заедници почнале да ги издаваат своите сребрени монети, само еден век подоцна од појавата на монетите во светот.

Најстара монета во Нумизматичката збирка на Музејот на Народната банка на Република Македонија е еден триобол на пајонското племе Дерони, искован на почетокот на V век пред н.е.

Прв пајонски владетел кој исковал свои пари бил Ликеј; тие биле изработени од сребро. Последните кралеви на Пајонија, Леонт и Дропион издавале исклучиво бронзени монети, бидејќи немале услови да го продолжат сребреното монетоковање.

# СТАНИЦА - АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА

Историјата на македонското кралско монетоковање започнува со Александар I, кој исковал сопствени пари на кои го означил и своето име. Филип II Македонски е првиот антички македонски владетел кој во 345 година пред н.е. вовел златна монета - статер.



Монетоковањето на Александар III Македонски, син на Филип II Македонски, било едно од најбогатите и најпопуларните империјални монетоковања во историјата. Неговите пари биле изработувани не само додека бил жив туку и по неговата смрт.

# СТАНИЦА - АНТИЧКИ РИМ



Во периодот кога се проширила Римската Империја, римските монети биле прифатени за размена насекаде низ Европа. На територијата на Република Македонија влегол и римскиот денар. Денарот е сребрена монета која била воведена во оптек околу 211 година пред н.е. Името потекнува од лат. deni, „по десет“ што ја означувало неговата првобитна вредност од 10 аса. Името на оваа деноминација и денес е задржано во голем број држави коишто некогаш биле дел од Римската Империја, вклучително и називот на современата македонска валута - **денарот**.




Денешниот назив за металните пари - монети доаѓа од името на древната римска божица Јунона Монета. Во храмот на божицата Јунона Монета се наоѓала ковачница, каде што цели 400 години се ковале римски денари.

Најголем дел од монетите кои се наоѓаат во Музејот на Народната банка на Република Македонија, околу 12.000 примероци, се римски монети.

# СТАНИЦА - ВИЗАНТИЈА



лого



монета

Буквата „М“ на византиските пари го означува бројот 40. Бакарната монета (фолис) на византискиот цар Јустин II е претставена на нашата банкнота од 50 денари, како и на логото на Народната банка на Република Македонија.

Ако сакате да ги видите овие антички монети, посетете го Музејот на Народната банка на Република Македонија. Нумизматичката збирка денес има околу 22.000 примероци на пари, што биле ковани или пак биле во употреба на територијата на нашата држава почнувајќи од VI век пред н.е. и претставува најголема јавна нумизматичка збирка во Република Македонија.




банкнота

# СТАНИЦА - КНИЖНИ ПАРИ

Употребата на монетите решила многу проблеми, но не сите. На пример, кога луѓето посакувале да купат скапа стока, им била потребна поголема количина на монети. Тие биле тешки за носење, а со тоа станувале и лесна цел на крадците.



*Решението било воведување книжни пари.*

Кинезите, кои ја измислија хартијата, се првите коишто ги воведе книжните пари. Но, зад ова стои една важна причина – тие немале доволно средства за да направат онолку бакарни монети колку што им биле потребни.

Во единаесеттиот век, италијанските трговци наместо големи количини монети, почнале да употребуваат хартии од вредност, кои се нарекувале „записи“ или „меници за размена“. Тие имале запечатени детали за трговската размена, вклучувајќи ги и имињата на трговците во документите. Така, бидејќи трговците ги употребувале само хартиите од вредност, крадците останувале без плен.

Пет века подоцна, златарите во Обединетото Кралство почнале да издаваат хартии од вредност. Луѓето оставале како депозит златни монети на сигурни места, а златарите давале потврда со заверен износ на депозитот. Во тој период сите им верувале на златарите. Нивните потврди почнале да се употребуваат и како средство за плаќање. Луѓето знаеле дека потврдите можат лесно да се разменат кај кој било златар во соседството.

На банките им се допаднал овој метод и почнале да издаваат книжни потврди за депозитите. За возврат, луѓето во секое време можеле да добијат злато, сребро, бакар. Употребата на овие потврди како пари довела до создавање на банкнотите што ги употребуваме денес. Овие пари се викале „**репрезентативни пари**“.

# СТАНИЦА - МАКЕДОНСКИ ДЕНАР

Македонскиот денар (МКД) е национална валута на Република Македонија пуштена во оптек на 27 април 1992 година. Централната банка на државата – Народната банка на Република Македонија – е единствената институција којашто го издава денарот.

Македонските денари се емитувани во форма на банкноти, монети и ковани пари за колекционерски цели.

Од 15 декември 2016 година во оптек циркулираат македонски денари со следнава апоенска структура:

## БАНКНОТИ ВО ОПТЕК

АВЕРС РЕВЕРС









Дваесет години од воведувањето на националната парична единица за првпат е извршена интервенција преку промена на постоечката апоенска структура со воведување два нови апоена од 200 и 2000 денари, со што всушност се изврши ребалансирање на постоечката апоенска структура на парите во оптек. Истовремено, книжните пари со апоенска вредност од 5000 денари, поради нивната висока номинална вредност и ограничената застапеност при вршењето на готовинските трансакции, се повлечени од оптек.

Македонските книжни пари се изработуваат од висококвалитетна хартија составена од 100 % памучни влакна.

Кованите пари со пониска апоенска вредност од 1, 2 и 5 денари (издание 1993 година) се изработени од легура од бакар (80%), цинк (17%) и никел (3%). Монетата од 1 денар, издание 2016 година е изработена од легура чиешто јадро во основата е изработено од челик обложено со двослојна легура составена од бакар и месинг.

Повисоките апоени од 10 денари и 50 денари се воведени во оптек во 2008 година. Монетите од 10 денари се изработени од легура од бакар (70%), цинк (18%) и никел (12%), а од 50 денари - бакар (62%), цинк (20%) и никел (18%).

Апоените од 1, 2 и 5 денари се пожолти, а апоените од 10 и 50 денари се побели, бидејќи содржат повеќе никел, а помалку бакар.

# МОНЕТИ ВО ОПТЕК




Народната банка има ексклузивно право да издава ковани пари за колекционерски цели на кои се претставени уметнички дела честопати направени од благороден метал – сребро во комбинација на скапоцени камења. Тие се издаваат во ограничени изданија и се посветени на: „Икони на светци“, „Хороскопски знаци“ , „Ден на Ангел“, „Икони на Пресвета Богородица“, „Мајка Тереза“, и „Месечев календар“.












# ТРИ ЧЕКОРИ ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВАШИТЕ БАНКНОТИ

## ДОПРЕТЕ



- **Допрете ја хартијата:** Треба да биде цврста.
- **Длабок печат:** Почувствувајте ја релјефната структура на банкнотата преку допир на местото каде што се појавува текстот „НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.

## ПОГЛЕДНЕТЕ





- **Проверете го заштитниот конец:** Треба да се појави како целосна линија кога е изложен на светлина, со испишан текст „НБРМ“ и вредноста на апоенот.
- **Побарајте го водениот печат:** Водениот печат ќе стане видлив кога банкнотата ќе се постави наспроти извор на светлина.
- **Погледајте го печатењето**: Треба да биде остро и со јасни бои.

## ПРИДВИЖЕТЕ И ПРОВЕРЕТЕ





- **Придвижете** ја банкнотата за да ги видите металната боја и златната лента.
- **Придвижете** ја банкнотата за да видите како се менува бојата на заштитниот конец од зелена во црвена.
- **Видете** го флуоресцентното печатење со помош на ултравиолетова светлина.
- **Проверете** го микротекстот со помош на лупа.

Во 2003 година, НБРМ пушти во оптек две надградени банкноти со деноминации од 500 и 1000 денари. Надградувањето се состои од нови безбедносни карактеристики со цел намалување на ризикот од фалсификување на националната валута.

# СТАНИЦА – КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПАРИТЕ

| | |
|---|---|
| Прифатливост | Валутата е алат што треба да се прифати од сите како средство за размена и за плаќање. |
| Издржливост | Валутата треба да биде издржлива и да не се оштетува веднаш. |
| Деливост | Валутата треба да биде во можност да посредува во секаква трансакција, без разлика колку е голема или мала. |
| Постојаност | Секоја валута, секој монетарен инструмент треба да биде со ист квалитет и да биде во можност да изврши исти функции. |
| Заштита од фалсификување | Валутата мора да се заштити од какво било фалсификување. |

# СТАНИЦА – ФУНКЦИИ И ФОРМИ НА ПАРИТЕ

**ФУНКЦИИ НА ПАРИ**

**МЕРКА ЗА ВРЕДНОСТ НА СТОКИ И УСЛУГИ...**

- Парите се стандардна мерка за вредност, како што е метарот единица мерка за должина.

**СРЕДСТВО ЗА РАЗМЕНА...**

- Парите се посредник во размената на стоките.

**АКУМУЛАЦИЈА (НАТРУПУВАЊЕ)....**

- Парите можат да бидат средство за акумулирање заштеди.

**СРЕДСТВО ЗА ПЛАЌАЊЕ...**

- Парите се употребуваат за плаќање надоместок за плати, даноци, кирии и други обврски и др.

**УНИВЕРЗАЛНИ ПАРИ...**

- Парите се употребуваат во економски/трговски врски помеѓу различни земји.

# ФОРМИ НА ПАРИТЕ

## Низ историја парите имале повеќе форми:

1. **Стоки.** Во текот на историскиот развој, голем број производи служеле како пари. Во античките времиња живиот добиток, школките, солта и другите стоки се употребувале како средство за размена.
2. **Метални пари (ковани).** Ова е основната форма на парите до деветнаесеттиот век. Кованите пари се правеле од бакар, сребро и злато.
3. **Банкноти (книжни).** Ова е назив за книжните пари. За првпат банкнотите биле користени во Кина во 7 век.
4. **Електронски пари.** Пари без готовина што ги употребуваат клиентите и банките преку електронските системи или уреди (вклучувајќи ги и платежните картички). Првиот телеграфски трансфер на пари бил извршен во втората половина на 19 век. Првите платежни картички се појавиле во САД во 1894 година.

# СТАНИЦА - НЕОБИЧНИ ФАКТИ

## Најчудните банкноти во историјата

### ЈУГОСЛОВЕНСКИ ДИНАРИ



На почетокот на 90-те години од XX век, Сојузна Република Југославија се соочи со неверојатна инфлација, заради што властите во 1994 година издадоа банкнота со 11 нули – 500.000.000.000 денари.

### КАЗАХСТАНСКИ ТЕНГИ




Во 2012 година, дизајнот на банкнотата од 5000 тенги (еквивалентно на 32 американски долара), ја доби наградата „Банкнота на годината“ што ја доделува Меѓународната организација за банкарски банкноти. Аверсот на банкнотата е богат со различни симболи: национални херои, грб, претседателска резиденција и пантер.

## ДРВЕНИ ПАРИ



Кон крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век во Северна Америка беа употребувани дрвени банкноти.

## ПЛАСТИЧНИ ПАРИ



Првата банкнота од полимер издадена како валута беше пуштена во оптек во Австралија во 1988 година, во чест на двестегодишнината од европското доселување.

## НАЈУБАВИТЕ ПАРИ НА СВЕТОТ



Норвешка направи уметност од дизајнот на своите банкноти. Осло го престави новото лице на круните: многу нијанси на црвена, портокалова и жолта боја. Необичните банкноти се пуштени во оптек во 2017 година.

## НАЈСКАПИТЕ ПАРИ ВО СВЕТОТ



Парите, исто така, имаат цена: најскапата банкнота во светот чини 2.225.000 американски долари. Банкнотата од 1000 американски долари наречена „Големата лубеница“ (анг. Grand Watermelon) издадена во 1890 година и продадена на колекционер за време на аукција, е една од двата постоечки примерока во светот.

# ИГРА ЗА ЗАБАВА

Кованите пари имаат различни дизајни и можат да се разликуваат по релјефот. До неодамна, кованите пари беа илустрирани со ликови на одредени владетели и богови, но денес тие прикажуваат најразлични работи. Обидете се да направите цртеж на кована пара: земете фолија или еден лист хартија, ставете ја над кованата пара и чкртајте над фолијата/хартијата со молив. Што добивте?






Тука доаѓа крајот на патувањето во светот на парите. Беше интересно, нели? Се надеваме дека информациите што ги научивте ќе ви помогнат да препознаете некои од земјите според нивните валути. Не дозволувајте да бидете измамени од каков било фалсификат! Но, пред сè, обидете се да разберете која е вистинската вредност на парите.

Сега ќе ве оставиме да броите... не пари, туку сите необични работи што не сте ги знаеле претходно за парите, и што сега се запаметени во вашата меморија!

Уредник на публикацијата: Кристина Павлеска

Лектура: Патриција Маљковиќ-Петровска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

336.741(02.053.2)(036)

ПАТУВАЊЕ во светот на парите. - Скопје : Народна банка на Република Македонија, 2017. - 20 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-107-36-8

а) Пари - Водичи за деца
COBISS.MK-ID 105454090

Патување

**ВО СВЕТОТ НА ПАРИТЕ**